# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП

Број 6/2023 08.05.2023 година Излегува по потреба

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/2005) и член 38 став 1 од Статутот на општина Пробиштип ( Службен Гласник на општина Пробиштип бр.4/2005, 25/2014, 29/2015 и 23/2019), Градоначалникот на општина Пробиштип го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**

**За објавување на актите на Советот на општина Пробиштип**

I. Се објавуваат актите донесени од Советот на општина Пробиштип на седницата бр.24/2023 одржана на ден 05.05.2023 година, во Службен Гласник на општина Пробиштип и тоа:

1. Мислење на програма за еднодневен проелтен излет на учениците од прво до деветто одделение во ООУ Никола Карев Пробиштип за учебната 2022/2023 бр.26-483/3-1,
2. Мислење на Програмата за еднодневна екскурзија за учениците од трето одделение во ООУ Никола Карев Пробиштип за учебната 2022/2023 година, бр.26-483/3-2,
3. Мислење на Програмата за дводневна екскурзија на учениците од шесто одделение во ООУ Никола Карев Пробиштип за учебната 2022/2023 година, бр.26-483/3-3,
4. Мислење на Програмата за дводневна екскурзија на учениците од деветто одделение во ООУ Никола Карев Пробиштип за учебната 2022/2023 година, бр.26-483/3-4,
5. Закучок за неусвојување на Финанасиски извештај на ЈКП Никола Карев за период од 01.01. до 31.03 2023 година бр.26-483/4,
6. Заклучок за неусвојување на Финансиски извештај за реализација на буџет на Општина Пробиштип за период од 01.01. до 31.03.2023 година бр.26-483/5,
7. Одлука за давање на користење на фекална канализација во село Лесново бр.26-483/6,
8. Програма за изменување и дополнување на Програма за вршење на јавни јаботи на териториjата на Општина Пробиштип за 2023 година бр.26-483/7,

II.Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен Гласник на општина Пробиштип.

Број 08-483/9
08.05.2023 година
Пробиштип

ОПШТИНА ПРОБИШТИП
ГРАДОНАЧАЛНИК,
Драган Анастасов с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/2002) и член 51 став 2 од Статутот на општина Пробиштип (Службен Гласник на општина Пробиштип бр.4/2005, 25/2014, 29/2015 и 23/2019) Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 05.05.2023 година, расправајќи по Програмата за организирање и изведување на ученички екскурзии во ООУ „Никола Карев" Пробиштип во учебната 2022/2023 година го донесе следното:

**МИСЛЕЊЕ**
**на Програмата за еднодневен пролетен излет на учениците од прво до деветто одделение во ООУ „Никола Карев " Пробиштип за учебната 2022/2023 година**

1. Се дава позитивно мислење на Програмата за еднодневен пролетен излет на учениците од прво до деветто одделение во ООУ „ Никола Карев " Пробиштип за учебната 2022/2023 година бр. 01-46/1 од 07.02.2023 година.

2. Составен дел на ова мислење е Програмата за еднодневен пролетен излет на учениците од прво до деветто одделение во ООУ „ Никола Карев " Пробиштип за учебната 2022/2023 година бр. 01-46/1 од 07.02.2023 година.

3. Мислењето ќе се објави во Службен Гласник на Општина Пробиштип.

Број 26-483/3-1 Совет на Општина Пробиштип
05.05.2023 година Претседавач,
Пробиштип Борче Миланов с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/2002) и член 51 став 2 од Статутот на општина Пробиштип (Службен Гласник на општина Пробиштип бр.4/2005, 25/2014, 29/2015 и 23/2019) Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 05.05.2023 година, расправајќи по Програмата за организирање и изведување на ученички екскурзии во ООУ „Никола Карев" Пробиштип во учебната 2022/2023 година го донесе следното:

**МИСЛЕЊЕ**
**на Програмата за еднодневна екскурзија за учениците од трето одделение во ООУ „ Никола Карев " Пробиштип за учебната 2022/2023 година**

1. Се дава позитивно мислење на Програмата за еднодневна екскурзија за учениците од трето одделение во ООУ „ Никола Карев " Пробиштип за учебната 2022/2023 година бр. 01-53/1 од 07.02.2023 година.

2. Составен дел на ова мислење е Програмата за еднодневна екскурзија за учениците од трето одделение во ООУ „ Никола Карев " Пробиштип за учебната 2022/2023 година бр. 01-53/1 од 07.02.2023 година.

3. Мислењето ќе се објави во Службен Гласник на Општина Пробиштип.

Број 26-483/3-2
05.05.2023 година
Пробиштип

Совет на Општина Пробиштип
Претседавач,
Борче Миланов с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/2002) и член 51 став 2 од Статутот на општина Пробиштип (Службен Гласник на општина Пробиштип бр.4/2005, 25/2014, 29/2015 и 23/2019) Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 05.05.2023 година, расправајќи по Програмата за организирање и изведување на ученички екскурзии во ООУ „Никола Карев“ Пробиштип во учебната 2022/2023 година го донесе следното:

**МИСЛЕЊЕ**
**на Програмата за дводневна екскурзија на учениците од шесто одделение во ООУ „ Никола Карев “ Пробиштип за учебната 2022/2023 година**

1. Се дава позитивно мислење Програмата за дводневна екскурзија на учениците од шесто одделение во ООУ „ Никола Карев “ Пробиштип за учебната 2022/2023 година бр. 01-54/1 од 07.02.2023 година,

2. Составен дел на ова мислење е Програмата за дводневна екскурзија на учениците од шесто одделение во ООУ „ Никола Карев “ Пробиштип за учебната 2022/2023 година бр. 01-54/1 од 07.02.2023 година.

3. Мислењето ќе се објави во Службен Гласник на Општина Пробиштип.

Број 26-483/3-3
05.05.2023 година
Пробиштип

Совет на Општина Пробиштип
Претседавач,
Борче Миланов с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/2002) и член 51 став 2 од Статутот на општина Пробиштип (Службен Гласник на општина Пробиштип бр.4/2005, 25/2014, 29/2015 и 23/2019) Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 05.05.2023 година, расправајќи по Програмата за организирање и изведување на ученички екскурзии во ООУ „Никола Карев“ Пробиштип во учебната 2022/2023 година го донесе следното:

**МИСЛЕЊЕ**
**Програмата за тродневна екскурзија на учениците од деветто одделение во ООУ „ Никола Карев “ Пробиштип за учебната 2022/2023 година**

1. Се дава позитивно мислење на Програмата за тродневна екскурзија на учениците од деветто одделение во ООУ „ Никола Карев “ Пробиштип за учебната 2022/2023 година бр. 01-55/1 од 07.02.2023 година.

2. Составен дел на ова мислење е Програмата за тродневна екскурзија на учениците од деветто одделение во ООУ „ Никола Карев “ Пробиштип за учебната 2022/2023 година бр. 01-55/1 од 07.02.2023 година.

3. Мислењето ќе се објави во Службен Гласник на Општина Пробиштип.

Број 26-483/3-4 Совет на Општина Пробиштип
05.05.2023 година Претседавач,
Пробиштип Борче Миланов с.р.

---

Врз основа на член член 36, став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на Република Македонија бр.5/2002) и член 51, став 1 од Статутот на општина Пробиштип (Службен Гласник на општина Пробиштип бр.4/2005, 25/2014, 29/2015 и 23/2019) Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 05.05.2023 година, го донесе следниот:

**ЗАКЛУЧОК**

1. НЕ СЕ УСВОЈУВА Финансиски извештај на ЈКП Никола Карев за период од 01.01. до 31.03 2023 година бр. 05-301/1 од 21.04.2023 година.

2. Заклучокот влегува во сила со објавувањето во Службен Гласник на општина Пробиштип.

Број 26-483/4 Совет на Општина Пробиштип
05.05.2023 година Претседавач,
Пробиштип Борче Миланов с.р.

---

Врз основа на член член 36, став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на Република Македонија бр.5/2002) и член 51, став 1 од Статутот на општина Пробиштип (Службен Гласник на општина Пробиштип бр.4/2005, 25/2014, 29/2015 и 23/2019) Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 05.05.2023 година, го донесе следниот:

**ЗАКЛУЧОК**

1. НЕ СЕ УСВОЈУВА Финансискиот извештајот за реализација на реализација на Буџетот на Општина Пробиштип за период од 01.01 до 31.03.2023 година година.

2. Заклучокот влегува во сила со објавувањето во Службен Гласник на општина Пробиштип.

Број 26-483/5 Совет на Општина Пробиштип
05.05.2023 година Претседавач,
Пробиштип Борче Миланов с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната замоуправа (Службен Весник на Република Македонија бр.5/2002) и член 21 став 1 точка 32 од Статутот на Општина Пробиштип (Службен Гласник на Општина Пробиштип бр.4/2005, 25/2014 и 29/2015) Советот на Општина Пробиштип на седницата одржана на ден 05.05.2023 година, ја донесе следната:

**ОДЛУКА**

**За отстапување на недвижен имот-фекална канализација во село Лесново, на трајно користење и стопанисување на ЈКП Никола Карев Пробиштип**

Член 1

Со оваа одлука Општина Пробиштип врши отстапување на недвижен имот- фекална каналицазија во село Лесново, Општина Пробиштип (крак 1, крак 2 и пречистителна станица) на ЈКП Никола Карев Пробиштип на трајно користење, без надоместок.

Член 2

Вкупната вредност на доводниот цевковод изнесува 3 119 866 денари.

Член 3

За регулирање на меѓусебните права и обврски Општина Пробиштип и ЈКП Никола Карев ќе склучат договор во кој точно ќе се утврдат правата и обврските на договорните страни и вредноста на недвижниот имот кој се пренесува.

Член 3

Одлуката стапува во сила осум дена од објавувањето во Службен Гласник на Општина Пробиштип.

Број 26-483/6 Совет на Општина Пробиштип
05.05.2023 година Претседавач,
Пробиштип Борче Миланов с.р.

---

Врз основа на член 36, став 1, точка 1 од Законот за локалната самоуправа (СлужбенВесник на општина Пробиштип бр. 4/2002) и член 21, став 1, точка 43 од Статутот на општинаПробиштип (Службен Гласник на Општина Пробиштип бр.4/2005, 25/2014, 29/2015 и 23/2019), а во врска со член 83, 84 и 85 од Законот за вработување и осигурување во случај на невработеност (Службен Весник на РМ бр.37/1997; 25/2000; 101/2000; 50/2001; 25/2003; 37/2004; 4/2005; 50/2006; 29/2007; 102/2008;161/2008; 50/2010; 88/2010; 51/2011; 11/2012; 80/2012; 114/2012; 39/2014; 44/2014; 113/2014;56/2015; 129/2015; 147/2015; 154/2015; 27/2016; 119/2016; 21/2018; 113/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 124/19), Советот на општина Пробиштип на седницата што се одржа на ден 05.05.2023 година го донесе следниот:

**ПРОГРАМА за изменување и дополнување на Програмата за извршување на јавни работи во Општина Пробиштип за 2023 година**

Со оваа Програма се врши изменување и дополнување на Програмата за извршување на јавни работи во Општина Пробиштип за 2023 година бр. 26-1072/28 од 24.11 2023 година, објавена во Службен Гласник на Општина Пробиштип бр. 12/2022 и тоа:
Во делот „Финансиски средства потребни за реализација на програмата„ точката 1 и точка 2 се менуват и гласат:
„ 7 лица х 2 месеци х 9.000 денари надоместок/месец = 126.000,00 денари и
7 лица х 9 месеци х 10.000 денари надоместок/месец =630.000,00 денари
2. Персонален данок = 84.000,00 денари. „
Во точка 5 Вкупно потребни средства за реализација на програмат износот „879.741,00 „денари се менува и гласи „948.741,00 денари„.

Разликата на средства во износ од 70.000,00 денари во однос на средствата предвидени со Програмат ќе се обезбедат од Буџетот на Општина Пробиштип за 2023 година од програмата Општинска администрација, конто договорни услуги и истите ќе бидат вкалкулирани со Ребалансот на буџетот на Општина Пробиштип за 2023 година.

Програмата за Програмата за извршување на јавни работи на територијата на општина Пробиштип за 2023година стапува во сила со донесувањето, а ќе се објави во Службен Гласник на општина Пробиштип и ќе се применува од 01.04.2023 година.

Број 26-483/7
05.05.2023 година
Пробиштип

Совет на Општина Пробиштип
Претседавач,
Борче Миланов с.р.